„Верникот ќе остане во широчината од неговата вера – сè додека не пролее забранета крв.“

Ибн Омер, Аллах нека е задоволен со него и со неговиот татко, пренесува дека Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „Верникот ќе остане во широчината од неговата вера – сè додека не пролее забранета крв.“

[صحيح] [رواه البخاري]

Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, укажува дека верникот живее во простор на олеснување и надеж во Аллаховата милост и прошка, благодарение на неговата вера и добри дела. Но кога ќе изврши еден од најтешките гревови – намерно да убие човек чиешто убиство е забрането – тогаш тој простор се стеснува. Гревот на убиството е толку тежок што добрите дела тешко можат да ја покријат тежината на тој грев.

http://www.sunnah.global/hadeeth/mk/show/66203